# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**За извршување на буџетот на Општина Демир Капија**
**за период 01.01.2025-31.12.2025**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 32 став (2) („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), градоначалникот на општината има обврска да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршувањето на буџетот, во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Реализацијата на приходите на основниот буџет на Општина Демир Капија, заклучно со четвртиот квартал од 2025 година, изнесува 54.015.129 денари од планираните 133.571.393 денари, односно 40,44%. Реализацијата на расходната страна на основниот буџет изнесува 74.169.978 денари од планираните 133.571.393 денари, односно 55,53%.

Разликата меѓу остварените приходи и реализираните расходи во износ од 20.154.849 денари претставува пренесен вишок на приходи од претходната година. Салдото на сметката на основниот буџет на ден 31.12.2025 година изнесува 4.159.913 денари и истото се пренесува во фискалната 2026 година како остварен вишок на приходи на основниот буџет.

Реализацијата на консолидираниот буџет на општината, во кој се вклучени приходите и расходите на буџетските корисници во рамките на општината, заклучно со четвртиот квартал од 2025 година, изнесува 146.804.481 денари остварени приходи од планираните 207.986.299 денари, односно 70,50% реализација. Реализираните расходи изнесуваат 141.685.254 денари од планираните 207.986.299 денари, односно 68,12% реализација на вкупниот буџет на Општина Демир Капија.

## Реализација на изворите на финансирање на Општина Демир Капија

Приходите на Буџетот на општината со единки корисници за 2025 година се реализирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и со Буџетот за 2025 година се дадени во табелата:

| *Вид на приход* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 28.672.292 | 16.544.929 | 15.531.660 | ***54.17*** |
| Неданочни приходи | 5.916.150 | 3.761.559 | 2.184.736 | ***36.93*** |
| Капитални приходи | 25.109.987 | 4.647.874 | 3.223.961 | ***12.84*** |
| Трансфери и донации | 148.287.870 | 139.946.713 | 125.864.124 | ***84.88*** |
| ***Вкупно:*** | **207.986.299** | **164.901.075** | **146.804.481** | **70.50** |

## Даночни приходи

Даночните приходи во 2025 година се планирани во износ од 28.672.292додека нивната реализација во првиот квартал изнесува 15.531.660 денари.

| ***Вид на приход*** | ***План*** | ***Реализација 31.12.2024*** | ***Реализација 31.12.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 2.060.000 | 2.044.376 | 2.316.985 | **112.47** |
| Даноци од имот | 6.003.000 | 5.935.452 | 6.706.766 | **111.72** |
| Даноци од специфичини услуги | 19.399.292 | 7.876.019 | 6.234.229 | **32.14** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.210.000 | 689.082 | 273.680 | **22.62** |
| **Вкупно:** | **28.672.292** | **16.544.929** | **15.531.660** | **54.17** |




## Даноци на имот

| ***Приходна шифра*** | ***Опис*** | ***План*** | ***Реализација 31.12.2024*** | ***Реализација 31.12.2025*** | ***Реализација во %*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 2.500.000 | 3.377.738 | 2.660.537 | **106.42** |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 500.000 | 391.476 | 562.124 | **112.42** |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 3.000.000 | 2.164.189 | 3.483.195 | **72.14** |
| **7135** | Казни и камати | 3.000 | 2.049 | 910 | **30.33** |
| | **Вкупно:** | **6.003.000** | ***5.935.452*** | ***6.706.766*** | **117.72** |

Анализата на даноците на имот покажува дека вкупната реализација заклучно со 31.12.2025 година изнесува 6.706.766 денари, што претставува 117,72% реализација во однос на планираните 6.003.000 денари. Остварените приходи се повисоки и во однос на претходната 2024 година, кога реализацијата изнесувала 5.935.452 денари, што укажува на позитивен тренд кај овој вид приходи.

Данок на имот

Кај данокот на имот од физички и правни лица е остварена реализација од 2.660.537 денари, што претставува 106,42% од планираните средства. Иако износот е понизок во однос на 2024 година (3.377.738 денари), реализацијата е над планираното ниво, што укажува на реалистично планирање и стабилна наплата на овој данок.

Данок на наследство и подарок

Приходите од данокот на наследство и подарок изнесуваат 562.124 денари и претставуваат 112,42% од планираниот износ. Во споредба со 2024 година, кога реализацијата изнесувала

391.476 денари, забележан е значителен пораст, што може да се поврзе со зголемен број на предмети и подобрена ефикасност во постапките за утврдување и наплата.
Данок на промет на недвижности и права
Реализацијата на данокот на промет на недвижности и права изнесува 3.483.195 денари, што е пониско од планираното ниво (72,14% реализација). Сепак, во однос на 2024 година, кога биле остварени 2.164.189 денари, забележан е значителен раст. Пониската реализација во однос на планот може да се поврзе со динамиката на пазарот на недвижности во текот на 2025 година.
Казни и камати
Кај приходите од казни и камати е остварена реализација од 910 денари, што претставува 30,33% од планираниот износ и значително намалување во однос на 2024 година (2.049 денари). Ова може да се оцени како позитивен индикатор во насока на навремено плаќање на обврските од страна на даночните обврзници.

Севкупно, даноците на имот бележат подобра реализација во 2025 година во споредба со 2024 година и надминување на планираните средства. Позитивниот ефект најмногу произлегува од зголемената наплата кај данокот на наследство и подарок и растот на прометот со недвижности во споредба со претходната година, што придонесува за подобрена фискална стабилност на општината.

## Капитални приходи

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | - | - | - | - |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 25.109.987 | 4.647.874 | 3.223.961 | **12.84** |
| | **Вкупно**: | **25.109.987** | **4.647.874** | **3.223.961** | **12.84** |

Реализацијата на капиталните приходи се однесува на:

- Приходи од продажба на градежно неизградено земјиште во сопственост на републиката на износ од 475.884;
- Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата на износ од 1.973.194;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на простор) на износ од 349.608;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) на износ од 405.441;
- Надомет за утврдување на правен сатус на беспрвно изградени објекти на износ од 19.834.

## Трансфери и донации

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реазлизација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 148.067.870 | 139.135.048 | 125.644.124 | **84.86** |
| **742** | Донации од странство | 220.000 | 451.000 | 220.000 | **100.00** |
| **744** | Тековни донации | - | 360.665 | - | |
| | **Вкупно**: | **148.287.870** | **139.946.713** | **125.864.124** | **84.88** |

Реализацијата на трансферите и донации од странство заклучно со подледниот квартал за 2025 година е со вкупен износ од **125.864.124** денари или 27.18%.

Во делот на трансфери од други нивоа на власт реализацијата е остварена по следните основи:

- Дотации од приходи од ДДВ во вкупен износ од **25.896.432;**
- Трансфери од буџетот на фондовите на износ од **1.743.376;**
- Капитални трасфери од други нивоа на власт на износ од **7.222.946;**
- Блок дотации на општината по одделни намени во вкупен износ од **70.610.429** денари од кои:
  *Блок дотација за Основно образование: 50.742.000;*
  *Блок дотација за социјална заштита и заштита на деца: 13.294.474;*
  ** дополнитено реализиран износ од <u>16.092</u> на сметка за самофинансирање на програма В1 – Детски градинки;*
  *Блок дотација Музичка и сценско – уметничка дејност: 6.573.955;*
- Приходи од обединети нации **220.000** финансиско учество од УНДП за реализација на проектот Општинско корисна работа;
- Пренесен вишок од минати години во вкупен износ од **20.154.849**.



# Реализирани буџетски расходи на општина Демир Капија

Вкупните реализирани расходи на општина Демир Капија за периодот од **01.01.2025** до **31.12.2025** изнесуваат **141.685.254** или **68.12%.** Реализираните расходи утврдени по економска класификација се следните:

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 31.12.2024 | Реализација 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 84.915.702 | 71.799.333 | 79.355.000 | **93.45** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 300.000 | - | 250.000 | **83.33** |
| **42** | Стоки и услуги | 42.197.799 | 31.639.844 | 26.843.021 | **63.61** |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000 | 441 | - | - |
| **46** | Субвенции и трансфери | 14.246.927 | 7.713.403 | 9.928.044 | **69.69** |
| **47** | Социјални бенифиции | 600.000 | 539.447 | 296.675 | **49.45** |
| **48** | Капитални расходи | 62.425.871 | 48.764.911 | 21.968.036 | **35.19** |
| **49** | Отплата на главница | 3.200.000 | 2.965.787 | 3.044.478 | **95.14** |
| | **Вкупно:** | **207.986.299** | **163.423.166** | **141.685.254** | **68.12** |




## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови

на расходи, односно тековно-оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно–оперативните расходи доминираат расходите за плати и придонесите за социјално осигурување.

## *40 - Плати, наемнини и надоместоци за вработените*

Реализацијата во делот на плати и надоместоци ги вклучува платите за вработените во општинската администрација, градоначалникот, надоместоци за советниците како и за плати и надоместоци на единките корисници на општината. Вкупната реализација е 54.650.810 или 95.12%.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 57.454.780 | 49.524.908 | 54.650.810 | **95.12** |
| **402** | Придонес за социјално осигурување од работодавачи | 22.471.122 | 19.114.699 | 21.112.114 | **93.95** |
| **404** | Надоместоци | 4.989.800 | 3.159.726 | 3.592.076 | **71.99** |
| | **Вкупно:** | **84.915.702** | **71.799.333** | **79.355.000** | **93.45** |

## *Тековни резерви (разновиди расходи)*

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 300.000 | - | 250.000 | 83.33 |
| | **Вкупно:** | **300.000** | **-** | **250.000** | **83.33** |

***Средствата од тековната резерва се користат за одредении итни потреби на општината, доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.***

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени. Реализацијата од 250.000 денари се однесува на одлука за финансиска поддршка за настраданите во Кочани.

## *Стоки и услуги*

Заклучно со 31.12.2025 година реализацијата во делот на стоки и услуги на буџетот на општина Демир Капија изнесува 63.61% или 26.843.021 денари.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 372.500 | 107.470 | 144.534 | **38.80** |
| **421** | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 8.058.168 | 6.874.025 | 6.282.232 | **77.96** |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6.438.000 | 4.464.465 | 3.650.646 | **56.70** |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 10.523.689 | 7.139.665 | 7.029.511 | **66.80** |
| **425** | Договорни услуги | 11.065.442 | 8.429.270 | 4.889.809 | **44.19** |
| **426** | Други тековни расходи | 1.640.000 | 1.171.771 | 953.674 | **58.15** |
| **427** | Привремени вработувања | 4.100.000 | 3.453.178 | 3.892.615 | **94.94** |
| | **Вкупно:** | **42.197.799** | **31.639.844** | **26.843.021** | **63.61** |

## *Каматни плаќања*

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 31.12.2024 | Реализација 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **100.000** | - | - | - |

## Субвенции и трансфери

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 31.12.2024 | Реализација 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 1.177.034 | 1.650.000 | 1.177.034 | **100.00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.576.000 | 737.314 | 637.139 | **40.43** |
| 464 | Разни трансфери | 11.443.893 | 5.326.089 | 8.063.871 | **70.46** |
| 465 | Исплата на извршни исправи | 50.000 | - | 50.000 | **100.00** |
| | **Вкупно:** | **14.246.927** | **7.713.403** | **9.928.044** | **69.69** |

Реализацијата на расходите на конто **464** разчленето аналититички се однесуват на:
464120 Стипендии за поддршка на млади таленти: 40.000;
464910 Плаќање по судски решенија: 2.733.540; (реализирани трошоци кои се однесуваат на исплта на вонсудска спогодба со правното лице Турбоинженеринг и трошоци кон Гама Винери)
464940 Трансфери при пензионирање:178.110; (реализација кај единка Н1- основно образован.)
464990 Други трансфери: 5.112.221.

## Социјални бенефиции

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 31.12.2024 | Реализација 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 471 | Социјални надоместоци | 600.000 | 539.447 | 296.675 | **49.45** |
| | **Вкупно:** | **600.000** | **539.447** | **296.675** | **49.45** |

## Отплата на главница

Во делот на отплата на главница е предвидена годишната отплата согласно амортизациониот план, на долгорочен заем преку проект за ***подобрување на општинските услуги (МСИП 2)*** за изградба на три улици во општина Демир Капија и тоа: улица ,,Илинденска'', улица ,,Радњанска'', улица ,,Орце Николов''. Договорот за заем е склучен на 23.02.2016 година помеѓу Министерството за финансии и општина Демир Капија на вкупен износ од 27.272.309 милиони денари со рок на отплата до 10.02.2029 година. Заклучно со извештајниот период општината по основ на заемот има исплатено 17.480.807 милиони денари од вкупниот износ на заемот. Состојбата на долгот во извештајниот период по основ на долгорочниот заем изнесува 9.248.767 милиони денари.

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 31.12.2024 | Реализација 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 493 | Отплата на главница до други нивоа на власт | 3.200.000 | 2.965.787 | 3.044.478 | **95.14** |
| | **Вкупно:** | **3.200.000** | **2.965.787** | 3.044.478 | **95.14** |

## Капитални расходи

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, и изградба на улици и патишта, водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината. Од табелата можеме да согледаме дека најголема реализација има кај расходното конто 482 – Други градежни објекти со реализација од 21.968.036 денари или 35.19%.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.12.2024* | *Реализација 31.12.2025* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 810.000 | 455.584 | 69.657 | 8.60 |
| **481** | Градежни објекти | - | - | - | - |
| **482** | Други градежни објекти | 57.499.540 | 47.007.577 | 21.574.756 | 37.52 |
| **483** | Купување на мебел | - | - | - | - |
| **485** | Вложувања во нефинансиски средства | 1.116.331 | 1.301.750 | 323.623 | - |
| **486** | Купување на возила | 3.000.000 | - | - | - |
| **Вкупно:** | | **62.425.871** | **48.764.911** | **21.968.036** | **35.19** |

Реализацијата на расходите на конто **482** разчленето аналититички се однесуват на:

482110 – Подготвување проекти, вклучувајќи и дизајн на улици, патишта и автопати: 306.800;

482120 – Изградба на улици, патишта и автопати: 3.701.747;

482130 – Реконструкција на улици, патишта и автопати: 7.561.595;

482730 – Реконструкција на капацитети за водоснабдување: 4.315.391;

482920 – Изградба на други објекти: 3.089.654;

482930 – Реконструкција на други објекти: 2.500.000;

482940 – Надзор над изградба: 99.569;

*Изготвено од:*
*Сектор за финансиски прашања*